Врз основа на член 50, став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа „(Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и програмата за социјална и здравствена заштита на општина Охрид за 2023 година, Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**ПРАВИЛНИК**

**за доделување на ученички, студентски стипендии како и стипендии за лица запишани на магистерски и докторски студии на државните и приватните училишта и универзитети во Република Македонија а се однесуваат на лица со ретки болести и посебни потреби во Општина Охрид за учебната 2022/2023 година**

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и постапката за доделување на стипендии и тоа на ученици во основно и средно образование, како и на студенти, магистранти и докторанти кои се лица со ретки болести и посебни потреби во општина Охрид

.

**1.Општи одредби**

**Член 2**

Општина Охрид доделува ученички, студентски стипендии како и стипендии за лица запишани на магистерски и докторски студии на државните и приватните училишта и универзитети во Реублика Македонија, а се однесуваат на лица со ретки болести и посебни потреби во Општина Охрид за учебната 2022/2023 година

Стипендиите се доделуваат за 9 (девет) месеци во текот на една учебна година..

Износот на стипендијата изнесува 2.000,00 денари за учениците со ретки болести и посебни потреби кои се запишани во основно и средно образование, и 3.000,00 денари за студентите, магистрантите и докторантите на државните и приватните универзитети во Република Македонија. Стипендиите се неповратни.

**2. Услови за доделување на стипендии**

**Член 3**

Право на стипендија имаат лицата кои се:

- жители на Општина Охрид;

- редовни ученици, студенти, запишани на магистерски и докторски студии на на државни и приватни училишта и универзитети во РМ ;

-да се пациенти со ретки болести и посебни потреби категоризирани со наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфични потреби, издадено од страна на центрите или други институции кои го утврдуваат тоа;

- да не повторувале година во текот на своето образование

.

**3.Потребни документи за доделување на стипендија**

**Член 4**

За доделување на стипендија се потребни следните документи:

- Пријава
- Наод и мислење за видот и степенот на попреченоста во физичкиот или психичкиот развој и специфичните потреби издадено од страна на центрите кои го утврдуваат истиот
- Извод на родени (копија)
- Копија од трансакциска сметка на ученикот,студентот, магистрантот или докторантот (доколку има) или на еден од родителите;
- Потврда за редовно запишана учебна години и година запишана во додипломски студии, магистерски и докторски студии;
- Изјава потпишана од родител/старател дека доставените документи се вистинити и дека ученикот не е корисник на друга стипендија или кредит од друга институција или компанија.
- Изјава потпишана од студентот, магистрантот или докторантот, дека доставените документи се вистинити и дека не се корисници на друга стипендија или кредит од друга институција или компанија

Пријавите со документите се доставуваат по пошта во затворен коверт на адреса: **Општина Охрид ул.„Димитар Влахов“ бр.57 – Охрид со назнака „За Комисија за спроведување на постапка за доделување на ученички, студентски стипендии како и стипендии за лица запишани на магистерски и докторски студии на државните и приватните училишта и универзитети во Република Македонија а се однесуваат на лица со ретки болести и посебни потреби во Општина Охрид за учебната 2022/2023 година,** или лично во архивата на општина Охрид.

**4.Постапка за доделување на стипендии**

**Член 5**

Стипендии се доделуваат врз основа на распишан Конкурс.

Конкурсот го распишува Градоначалникот на Општина Охрид.

Конкурсот се објавува на огласна табла во општината и на ВЕБ страната на општината.

Конкурсот трае 20 дена сметано од денот на објавување.

Документите на кандидатите кои се некомплетни и ненавремено доставени нема да бидат разгледувани

**Член 6**

Доставените пријави по Конкурсот за доделување на стипендии, ги разгледува стручна Комисија која ја формира Градоначалникот на Општина Охрид во состав од 3 (три) члена од редот на вработените во општината. Еден од членовите на стручната комисија се именува за претседател.

Мандатот на членовите на Комисијата е 1 (една) година со можност за повторно именување.

**Член 7**

Комисијата за доделување на стипендии работи во полн состав.

Комисијата за доделување на стипендии некомплетните и ненавремено доставени пријави не ги разгледува.

Комисијата за својата работа води Записник.

Комисијата од пристигнатите пријави подготвува листа и му ја доставува на Градоначалникот на разгледување и одлучување.

Градоначалникот врз основа на доставената ранг листа, донесува Одлука (Решение) за доделување на стипендии на ученици, студенти, лица запишани на магистерски и докторски студии од Општина Охрид.

Листата со избраните кандидати ќе биде објавена на интернет порталот www.ohrid.gov.mk

Против одлуката на Градоначалникот може да се поднесе приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето за извршениот избор.

Приговор се поднесува до Градоначалникот на Општина Охрид.

**Член 8**

Со секое лице кое е ученик, студент, магистрант и докторант на кое му е доделена стипендија, ќе биде склучен посебен Договор во кој подетално ќе се уредат начинот и условите за користење на стипендијата.

**Член 9**

На лицата кои ќе добијат стипендија, а кои ќе дадат лажни податоци поврзани со остварувањето на правото на стипендија, ќе им биде раскинат Договорот за користење на стипендијата, а исплатените средства се должни да ги вратат на Општината.

Договорот за користење на стипендија, ќе биде раскинат и во случаи на недолично однесување во средината (противзаконски дејствија и нарушување на јавниот ред и мир).

**Член 10**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.